**20222854289**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 27 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 8/04, 98/08, 158/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 67/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЗА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ОДНОСНО ИЗДАВААТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на водење евиденција за државјаните на Република Северна Македонија и за обрасците што се применуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/93, 80/05, 12/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 9/20 и 207/21), во член 6 по ставот 1 се додаваат два нова става 2 и 3, кои гласат:

„Барањето за издавање на уверение за државјансто на Република Северна Македонија може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронски услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

Во случај кога барањето од ставот 1 на овој член се поднесува во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги. “.

Ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 4, 5, 6, 7 и 8.

Член 2

Обрасците број 4 и 4-а се заменуваат со нови Обрасци број 4 и 4-а кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 13.1-129451/1
27 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# УВЕРЕНИЕ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО

со кое се докажува дека

_______________________________________________
(име и презиме)

роден на ______________________ М.Б. ______________________
(ден,месец, година)

во _______________________________________________
(место, општина, држава)

од татко ____________________ и мајка ____________________

**ИМА ДРЖАВЈАНСТВО МАКЕДОНСКО /**
**ГРАЃАНИН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

и запишан е во регистарот на државјаните на Република Северна Македонија

под реден број ________________________ .

_______________________

Бр. ____________________ .

______________ 20 ____ год.

М.П.

_______________________
(потпис на службеното лице)

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

## УВЕРЕНИЕ ЗА ДРЖАВЈАНСТВО
## CERTIFIKATË E SHTETËSISË

со кое се докажува дека
me të cilën dëshmohet se

________________________________________
(име и презиме / emri dhe mbiemri)

роден на
lindur më ____________________ М.Б. / N.A. ____________________
(ден,месец, година / data, muaji, viti)

во
në ________________________________________
(место, општина, држава / vendi, komuna, shteti)

од татко
nga babai ____________________ и мајка / dhe nëna ____________________

**ИМА ДРЖАВЈАНСТВО МАКЕДОНСКО /**
**POSEDON SHTETËSI MAQEDONASE/**
**ГРАЃАНИН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**QYTETAR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

и запишан е во регистарот на државјаните на Република Северна Македонија
i shënuar në regjistrin e shtetasve të Republikës së Maqedonisë së Veriut

под реден број ____________________________.
nën numrin rendor

____________________

Бр. ____________________.
Nr.

____________ 20 ____ год.
viti

М.П.
V.V.

________________________
(потпис на службеното лице)
(nënshkrimi i personit zyrtar)